**ЗАПИСНИК**
**од прватa конститутивна седница на Совет на Општина Гевгелија**
**одржана на 12.11.2021 година**

На првата конститутивна седница на Советот на општината што се одржа со почеток во 11 часот присуствуваа 19 членови на Советот од вкупно 19 членови колко што брои Советот.

Седницата ја отвори Претседателот на претходниот состав на Советот ,Тодор Ристов .

Откако се констатира дека постои кворум за полноважно одлучување, ја отвори првата конститутивна седница на Советот на Општина Гевгелија.

За работа на првата конститутивна седница на Совет е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Верификација на мандатот на членовите на Советот на Општина Гевгелија:

1.1.Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања за верификација на мандати на Советот на Општина Гевгелија, и

1.2.Предлог-Заклучок за усвојување на Извештајот од Комисијата за прашања за верификација на мандати на Советот на Општина Гевгелија и верификација на мандатот на членовите на Советот на Општина Гевгелија,

2. Предлог-Решение за избор на претседател на Советот на Општина Гевгелија,
3. Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на избори и именувања на Советот на Општина Гевгелија,
4. Предлог-Одлука за определување членови на Советот на Општина Гевгелија за присуство при склучување на брак на подрачјето на општина Гевгелија.

Председавачот на Совет, Тодор Ристов отвори претрес по предложениот дневен ред

**Саше Стојиловски член на Совет** даде предлог точката под реден број 2 Предлог-Решение за избор на претседател на Советот на Општина Гевгелија да биде повлечена од Дневен ред поради потреба од дополнителни консултации.

**Виктор Кралев член на Совет** даде процедурална забелешка дали како советници без верификуван мандат може да гласаат за повлекување на точки од Дневен ред.

Председавачот на Совет, Тодор Ристов објасни проецдурално според Член 10 неможат советниците да гласаат за симнување на точки од Дневен ред додека не се верификува мандатот.

**Саше Стојиловски член на Совет** го повлече дадениот предлог.

Председавачот на Совет, Тодор Ристов го стави Дневниот ред на освојување и **Советот со 18 за и 1 воздржан го усвои.**

Потоа се мина на работа по усвоениот Дневен ред:

**Точка 1. Верификација на мандатот на членовите на Советот на општина Гевгелија:**

**1.1. Избор на Комисија за прашања за верификација на мандати на Советот на општина Гевгелија.**

Председавачот на Совет, Тодор Ристов за претседател на Комисијата го предложи советникот Слаѓана Стаменковска а за членови советниците Надица Ристовски,Андријана Бегова ,Виктор Кралев и Александар Пандовски.

По завршувањето на претресот предлогот на советникот за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања за верификација на мандати се стави на гласање и **Советот едногласно го усвои** .

**1.2 Извештај од Комисијата за прашања за верификација на мандати на Советот на општина Гевгелија и верификација на мандатот на членовите на Советот на општина Гевгелија.**

Председавачот на Совет, Тодор Ристов ги повика членовите на Советот ,уверенијата за избор да ги предадат на Комисијата за прашања на верификација на мандати и го повика претседателот да ја свика Комисијата а потоа да поднесе Извештај со предлог за верификација на мандатите на членовите на Советот.

Претседателот на Комисијата, Слаѓана Стаменковска поднесениот извештај го образложи пред Советот и укажа дека при разгледувањето на доставените уверенија од општинската изборна комисија од Комисијата едногласно е контатирано дека не постојат законски,статутарни и деловнички пречки за верификација на мандатите на новоизбраните членови на Советот на општина Гевгелија и на Советот му се ставаат на ферификација следните членови:
Патрик Матх, Миле Атанасов, Ѓорге Попов, Биљана Демерџиева, Елена Хаџи-Николова, Тодор Ристов, Надица Ристовски, Сашко Стојиловски, Софија Тошева-Раманчева, Томе Ќичуков, Слаѓана Стаменковска, Сашко Јанчев, Виктор Кралев, Златко Митров, Елизабета Сивова, Андријана Бегова, Сашко Проданов, Александар Пандовски и Петар Апостолов.

Председавачот на Совет, Тодор Ристов отвори претрес по Извештајот и предлогот на Комисијата за прашања на верификација на мандати на Советот на општина Гевгелија.

Бидејќи никој не се јави за збор Извештајот и предлогот на ферификација на мандатите советникот ги стави на гласање и **Советот едногласно ги усвои** и е верифициран мандатот на членовите :
Патрик Матх, Миле Атанасов, Ѓорге Попов, Билјана Демерџиева, Елена Хаџи-Николова, Тодор Ристов, Надица Ристовски, Сашко Стојиловски, Софија Тошева-Раманчева, Томе Ќичуков, Слаѓана Стаменковска, Сашко Јанчев, Виктор Кралев, Златко Митров, Елизабета Сивова, Андријана Бегова, Сашко Проданов, Александар Пандовски и Петар Апостолов.

По верификацијата на мандатите членовите на Советот ,согласно член 38 од Законот за локална самоуправа и член 22 од Статутот на општина Гевгелија дадоа и потпишаа свечена изјава.

**Точка 2. Предлог-Решение за избор на претседател на Советот на Општина Гевгелија.**

Председавачот на Совет, Тодор Ристов отвори претрес по точката Избор на претседател на Советот на општина Гевгелија и ги повика советниците да достават предлози за претседател на Советот.

Бидејќи никој не предложи кандидат за претседател на Совет оваа точка ќе биде ставена на разгледување на наредната седница.

**Точка 3. Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на избори и именувања на Советот на Општина Гевгелија.**

Председавачот на Совет, Тодор Ристов отвори претрес по точката Предлог-Решение за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на избори и именувања на Советот на Општина Гевгелија и за претседател на Комисијата го предложи советникот Сашко Стојиловски а за членови советниците Ѓорги Попов,Златко Митров,Билјана Демирџиева и Миле Атанасов

По завршувањето на претресот Председавачот на Совет, Тодор Ристов го стави на гласање предлогот за избор на претседател и членови на Комисијата за прашања на избори и именувања на Советот на општина Гевгелија и **Советот едногласно го усвои** и за претседател на Комисијата е избран Сашко Стојиловски а за членови советниците Ѓорги Попов,Златко Митров,Билјана Демирџиева и Миле Атанасов.

**Точка 4. Предлог-Одлука за определување членови на Советот на општина Гевгелија за присуство при склучување на брак на подрачјето на општина Гевгелија.**

Председавачот на Совет, Тодор Ристов отвори претрес по Предлог-Одлуката за определување членови на Советот на општина Гевгелија за присуство при склучување на брак на подрачјето на општина Гевгелија.

По завршувањето на претресот Председавачот на Совет, Тодор Ристов на Совет ја стави на гласање Предлог-Одлуката за определување членови на Советот на општина Гевгелија за присуство при склучување на брак на подрачјето на општина Гевгелија и **Советот едногласно ја усвои.**

Бидејќи дневниот ред беше исцрпен Председавачот на Совет, Тодор Ристов ја затвори првата конститутивна седница на Советот на општина Гевгелија.

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседавач**
**на Совет на Општина Гевгелија**
**Тодор Ристов**